# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**17.12.2018 год.** **Бр.XVIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 24-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 13.12.2018 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 24-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 13.12.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-1311/1 од 17.12.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 24-та седница, одржана на 13.12.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 22-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 31.10.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-1277/3 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 24-та седница, одржана на 13.12.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 23-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 15.11.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-1277/4 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за имплементација на проектот: Современа патна инфраструктура во општина Крушево преку изработка на проектно –техничка документација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за имплементација на проектот: Современа патна инфраструктура во општина Крушево преку изработка на проектно –техничка документација.

**Член 2**

Општина Крушево го утврдува како приоритет проектот „Современа патна инфраструктура во општина Крушево преку изработка на проектно –техничка документација“ за да може да се аплицира во рамките на Проектот „Подобрување на општинското владеење“ имплементиран од страна на УНДП, а финансиран од ЕУ, кофинансиран од Министерството за локална самоуправа на Република Македонија.

**Член 3**

Проектот ќе се имплементира со средствата од Проектот „Подобрување на општинското владеење“ имплементиран од страна на УНДП, а финансиран од ЕУ, кофинансиран од Министерството за локална самоуправа на Република Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/5 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16 и 21/18) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
## *за давање на трајно користење на недвижна ствар*

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на трајно користење без надоместок недвижна ствар, просторија-дел од зграда на ул.”Илинденска” бб Крушево на КП бр. 5806, приземје, сопственост на Општина Крушево, на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Крушево.

**Член 2**

Просторијата се дава на трајно користење без надомест, а ќе се користи за прием, администрирање и обработка на барања за остварување на правата од социјална заштита и барања за остварување на правата од детска заштита, на граѓаните кои имаат живеалиште или престојувалиште на територијата на Општина Крушево.

**Член 3**

Министерството за труд и социјална политика на Р.Македонија ќе изврши адаптирање и соодветно опремување на административниот простор (канцелариска опрема, мебел, компјутерска опрема, грејни тела и друго).

**Член 4**

Општина Крушево ќе ги сноси трошоците за електрична енергија, топлинска енергија, водовод и канализација како и трошоците за тековно одржување на просторот.

**Член 5**

Примопредавањето на просторијата ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Крушево, при што ќе се состави записник.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/6 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16 и 21/18) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
## *за давање на трајно користење и управување на комунални инфраструктурни објекти*

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се дадат на трајно користење и управување како основно средство, комунални инфраструктурни објекти сопственост на Општина Крушево на ЈП “Комуна” Крушево.

**Член 2**

На ЈП "Комуна" Крушево му се даваат на трајно користење и управување како основно средство следниве инфраструктурни објекти сопственост на Општина Крушево, со следната сметководствена вредност:

-водовод с.Врбоец, со набавна вредност 1.290.171,41 денари; исправка на вредноста 129.004,06 денари, а сегашна вредност 1.161.167,35 денари;

-водовод с.Саждево, со набавна вредност 1.225.322,75 денари; исправка на вредноста 121.595,41 денари, а сегашна вредност 1.103.727,34 денари;

-резервоар за водоснабдување с.Норово, со набавна вредност 3.566.533,70 денари; исправка на вредноста 319.872,30 денари, а сегашна вредност 3.246.661,40 денари;

-водовод с.Долно Дивјаци, со набавна вредност 774.147,60 денари; исправка на вредноста 69.673,27 денари, а сегашна вредност 704.474,33 денари;

-водоводна мрежа с.Норово, со набавна вредност 2.773.702,16 денари; исправка на вредноста 221.896,05 денари, а сегашна вредност 2.551.806,11 денари;

-водомери с.Алданци и с.Норово, со набавна вредност 5.201.199,43 денари; исправка на вредноста 52.011,99 денари, а сегашна вредност 5.149.187,44 денари;

-доводен цевковод Студенчица-Пресил-Врбоец-Свето Митрани-2017, со набавна вредност 17.244.051,55 денари; исправка на вредноста 172.440,52 денари, а сегашна вредност 17.071.611,04 денари;

-секундарна мрежа ИПА 2017, со набавна вредност 4.174.068,13 денари; исправка на вредноста 41.740,68 денари, а сегашна вредност 4.132.327,45 денари;

**Член 3**

Општина Крушево на ЈП "Комуна" Крушево ќе му ја достави соодветната докуменатција за инфраструктурните објекти од член 2 на оваа Одлука.

**Член 4**

ЈП "Комуна" Крушево е должна инфраструктурните објекти од член 2 на оваа Одлука сметководствено да ги евидентира и да ги прикажи како основно средство за вршење на својата дејност.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/7 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 14 став 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 12 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за потпишување на Меморандум за соработка меѓу***
***Општина Нова Градишка Р.Хрватска,***
***Општина Карпош и***
***Општина Крушево Р.Македонија***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за потпишување на Меморандум за соработка, размена на искуства и организирање на манифестации и настани, помеѓу Општина Нова Градишка Р.Хрватска, Општина Карпош и Општина Крушево-Република Македонија.

**Член 2**

Соработката помеѓу трите општини се однесува во областа на туризмот, културата и спортот, размена на искуства и добра што е пракса во функционирањето на локалната самоуправа.

Со заедничките активности ќе се организираат меѓусебни средби, а ќе работат и на унапредување на меѓусебната соработка, размена на искуства и организаирање на манифестации и настани во организација на потписниците.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Крушево, м-р Томе Христоски да го потпише меморандумот за соработка помеѓу Општина Нова Градишка Р.Хрватска, Општина Карпош и Општина Крушево-Република Македонија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/8 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Согласно член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014 година) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Иван и Анкица Стојаноски на КП. бр. 5445 КО Крушево во Крушево према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.



**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/9 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Согласно член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014 година) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Илиеска Петра на КП. бр. 4361/1 со КП бр. 4361/3 КО Крушево во Крушево према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.



**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/10 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Согласно член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014 година) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Мевмед Беќироски на КП. бр. 508 со КП бр. 507 КО Алданци во село Алданци према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.




**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/11 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Согласно член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014 година) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Ведат Ибраимоски на КП. бр. 426 со КП бр. 425 КО Алданци во село Алданци према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.



**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/12 од 13.12.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 14 став 1, член 15 и член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 11, член 12 и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, даде:

**СОГЛАСНОСТ**
**Општина Долнени да изготви техничка документација и да ги прибави потребните одобренија за Реконструкција на постојна патна инфраструктура која поврзува две населени места с. Борино, Општина Крушево и с. Житоше, Општина Долнени**

**Член 1**

Се дава Согласност Општина Долнени да изготви техничка документација и да ги прибави потребните одобренија за Реконструкција на постојна патна инфраструктура која поврзува две населени места с. Борино, Општина Крушево и с. Житоше, Општина Долнени.

**Член 2**

Општина Крушево и Општина Долнени заеднички ќе аплицираат преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за средства за Реконструкција на постојна патна инфраструктура која поврзува две населени места с. Борино, Општина Крушево и с. Житоше, Општина Долнени, во рамките на програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година финансирана од Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија и Бирото за регионален развој.

Реконструкцијата на овој патен правец е интерес за граѓаните на двете општини.

**Член 3**

Општина Долнени ќе ги финансира активностите опишани во член 1 на оваа Согласност.

**Член 4**

Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/13 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 114 став 8 и 17 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18 198/18), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Управен одбор во**
**ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево**

1. За членови на УО ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево како претставници од родителите на децата, **СЕ ИЗБИРА:**
   - Зорица Кироски, од Крушево и
   - Благица Ицоска, од Крушево.

2. Мандатот на членот на УО трае 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од решението да се достави до именуваните, ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/14 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа (“Сл.весник на РМ.” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.12.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот***
***на Општина Крушево за периодот од 01.01.2018 год. до 30.09.2018 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2018 год. до 30.09.2018 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/15 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.12.2018 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на***
***Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2017 година***

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за
поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2017 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/16 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.12.2018 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на***
***Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2017 година***

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2017 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево

**Бр.08-1277/17 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.12.2018 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на***
***Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2017 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за Урбанистичко планитање на Општина Крушево за 2017 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево

**Бр.08-1277/18 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево, на седницата офежана на 13.12.2018 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на***
***Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на ОпштинаКрушево за 2017 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2017 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/19 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ( Сл.весник на РМ бр.6/12) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крушево ( Сл.гласник на Општина Крушево бр.1/200,7. 16/2014 ), Локалниот акциски план за родова рамноправност на Општина Крушево 2013 - 2018, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2019 КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ОПШТИНА КРУШЕВО**

ВОВЕД

*Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба - член 9 од Устав на Република Македонија.*

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Македонија, е уставна категорија.

Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Оваа Програма за еднакви можности на Општина Крушево за 2019 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите, во согласност со Локалниот акцискиот План за родова рамноправност на Општина Крушево 2016 – 2018 кој пак е изработен во согласност со Стратегијата за родова еднаквост 2013- 2020 донесена на 20 февруари од страна Собранието на Р. Македонија.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сѐуште не е реалност во секојдневиот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сѐуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на традиционалниот и социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

За реализација на целите на Програмата, Општина Крушево ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите. Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крушево. Вкупен буџет за реализација на оваа програма е 50. 000,00 денари.

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крушево, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности кои го изработуваа овој документ ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештаи за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Во делот на евалуацијата ќе се вклучи и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

Координатор за Еднакви Можности
Наташа Папакоча
Заменик координатор за ЕМ
Еленица Љума

Комисија за Еднакви Можности
1.Претседател Агапи Чункоска
2.Член- Евгенија Петроска
3.Член - Евгенија Ангелкоска
4.Член – Еран Мемедоски
5.Член Александра М.Сефаноска

**Бр.08-1277/20 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Сл.весник на Р.М." бр.149/14; 149/15 и 53/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за период 2019 и 2020 година**

**1. ВОВЕД**

Со оваа Програма се утврдуваат активностите и третирањето на бездомни кучиња-скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирање.

За решавање на проблемот поврзан со зголемоното присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во Општината.

**2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Општата цел на програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се преземат на територијата на Општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и тертман согласнос прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

**3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во 2019 и 2020 година за ефикасна контрола и заштита на поплуацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хуамно третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Крушево ќе опфатат:
-заловување на кучињата;
-транспорт до прифатилиште;
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина;
-лабораториско испитување на заразни болести, согласнос прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза;
-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија;
-постоперативно сместување и нега;
-вакцинација и дехелментација;
-обележување со микро-чип;
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата;
-еутаназија на кучињата, согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;
-едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

**4. ПРЕСТОЈ ВО ПРИФАТИЛИШТЕ, ВЕТЕРИНАРНО МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАН И ПОНАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ТРЕТИРАНИТЕ КУЧИЊА**

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Р.Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:
-во согласност со важечките законски прописи и наредби;
-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни и животни кои видливо страдаат или се стари и изнемоштени.
-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето и другите животни;

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицниски третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштетот за што треба да се поседува валиден склучен Договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштетот доколку го поседува.

Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-сетерилизираат. По завршената операција и постоперативно оправување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите редовно се чистата, се врши нивна дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потелко, во специјално изградена јама на соодветна депонија, а исто така се собираат и транспортираат фекалиите и отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити.

Третираните кучиња обележани со микро чип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат. Вдомените кучиња се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓаните преку различни форми, да спроведува едукативни и промотивни активности за подогнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата.

## 6. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

1.Заловување, транспорт, идентификација и евиденција:
-заловување на бездомни кучиња, 30.000,00 ден.
-идентификација и евиденција, 20.000,00 денари;
-транспорт до прифатилиште, 20.000,00 денари;
-карантински престој (набљудување и преглед од ветеринар, 20.000,00 денари;
-престој во прифатилиште, 40.000,00 денари;

2. Медицински третман на кучињата:
-лабораториско испитување и вакцинација, 50.000,00 денари;
-овариохистеректомија и орхиектомија (стерилизација и кастрација), 100.000,00 денари;
-посоперативно сместување и нега, 5.000,00 денари;
-еутаназија, 15.000,00 денари;
-закопување на мртви кучиња,10.000,00 денари;
-транспорт, 10.000,00 денари;

3.Тековно одржување на прифатилиштето:
-обезбедување на храна, лекови и средства за дезинфекција, 200.000,00 денари;
-комунални трошоци, 20.000,00 денари;
-ангажиран персонал, 200.000,00 денари;
-непредвидени трошоци, 20.000,00 денари;
-организирање на јавни настани и манифестации, за подогање на јавната свест, 20.000,00 денари;

**ВКУПНО: 760.000,00 денари.**

Средствата за реализација на активностите ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крушево.

## 7. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја реализира правно лице кое општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активности согласно Закон.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, Општина Крушево е должна договорно да ангажира 2 (двајца) лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведените активности согласно програмата, изведувачот е должен да поднесе извештај до Советот на Општина Крушево.

Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1277/20 од 13.12.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 91 став 11, член 92а. став 1, 10 и 12 од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06/; 30/07; 49/07; 81/08; 92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18 ), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на Директор на**
**СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. СЕ ИМЕНУВА **СНЕЖАНА МИЛЕНКОВСКА** од Крушево ул."Благо Целев" бр.13, професор по географија, за Директор на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево.
2. Мандатот на Директорот на СОУ „Наум Наумовски-Борче"трае 4 (години);

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Со влегувањето во сила на ова Решение, престанува да важи решението бр.09-683/1 од 13.06.2018 година.

5. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Крушево со Одлука бр.09-683/2 од 13.06.2018 година, одлучи Училишниот одбор на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево да распише јавен оглас и да спроведе постапка за избор на директор на училиштето.

Училишниот одбор на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево објави Оглас за избор на директор, спроведе постапка и на Градоначалникот му предложи еден кандидат за избор на директор со допис бр.02-367/1 од 20.12.2018 година.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно горе наведеното и одредбите од Законот за Средно образовани, односно член 91 став 11, член 92а. став 1, 10 и 12 од истиот закон, изврши именување на директор на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
**Бр.09-683/4 од 21.12.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 133 став 1 алинеја 1 од Законот за Основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15 ; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево**

**1. На Славица Николоска** од Крушево, му престанува мандатот ВД Директор во ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево на нејзино барање.

2. Градоначалникот на Општина Крушево ќе именува ВД Директор кој ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Славица Николоска беше избран за ВД Директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево со Решение бр.04-674/2 од 11.06.2018 година. На 11.12.2018 година до Градоначалникот на Општина Крушево достави барање да му престане мандатот како ВД Директор на ООУ, архивирано во Општина Крушево под бр.03-1296/1 од 11.12.2018 година.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основно образование, односно член 133 став 1 алинеја 1 од истиот закон, донесе решение за престанок на мандатот на негово барање.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-1300/1 од 12.12.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 135 од Законот за Основно образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево**

1. СЕ ИМЕНУВА **НИКОЛОЧЕ НИКОЛОСКИ** од с.Бучин, дипломиран професор по одделенска настава, за ВД Директор на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево.

2. ВД Директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Славица Николоска му престана мандатот на нејзино барање.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основно образование, односно член 135 од истиот закон, изврши именување на ВД Директор на ООУ од редот на вработените во училиштето. Во рок од 5 дена од денот на именувањето, ќе донесе одлука УО да објави оглас за избор на директор.

Именуваниот Николче Николоски, е од редот на вработените во училиштето и функцијата ВД Директор ќе ја извршува до изборот на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на нејзиното именување.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-1300/2 од 12.12.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 24-та седница на Советот на Општина Крушево... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 22-та седница на Советот на Општина Крушево ....................................................................... 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 23-та седница на Советот на Општина Крушево ....................................................................... 1
4. Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на проектот: Современа патна инфраструктура во Општина Крушево преку изработка на проектно-техничка документација.................................................... 1
5. Одлука за давање на трајно користење на недвична ствар-просторија дел од зграда на ул.“Илинденска“ во Крушево ........................... 2

6. Одлука за давање на трајно користење и управување на комунална инфраструктурни објекти ............................................................. 2
7. Одлука за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Општина Крушево, Општина Карпош и Општина Нова Градишка ................ 3
8. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево по барање од Иван и Анкица Стојаноска од Крушево ..................................... 4
9. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево по барање од Илиеска Петра од Крушево ......................................................... 4
10. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево по барање од Мевмед Беќироски од с.Алданци .................................. 5
11. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево по барање од Ведат Ибраимоски од с.Алданци ..................................5
12. Согласност за Општина Долени да изготви техничка документација за реконструкција на потоен пат ........................................................... 6
13. Решение за именување на членови на Управниот одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево ..............................................................6
14. Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево ............................................ 6
15. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2017 година .....................................7
16. Заклучок за усвојување на Извештајот на реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2017 година ....................................................................................7
17. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушев за 2017 година ...................................................................................7
18. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2017 година ...................................7
19. Програма за работата еднакви можности 2019 година за Општина Крушево ................... 8
20. Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за период од 2019 и 2020 година ....... 9
21. Решение за именување на Директор на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево...............11
22. Решение за престанок на мандат на ВД директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин Општина Крушево .............................. 11
23. Решение за именување на ВД директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин Општина Крушево ........................................................... 12

Редакциски одбор на Општина Крушево.